МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**До: Валентина Величковска -** член на Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество во областа Развој на граѓанското општество

**Од:** Мрежа за заштита од дискриминација

**Предмет:** Институционален притисок и загрозување на безбедноста на граѓанскиот сектор

Мрежата за заштита од дискриминација е коалиција на десет граѓански организации кои работат на унапредување на човековите права и еднаквоста. Во последниот период алармиравме за сериозни регресивни процеси во областа на антидискриминацијата и институционалната поставеност за заштита на ранливите групи, меѓу кои последниот се случи на 10.04.2025, со назначувањето на Петар Богојески за директор на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

Именувањето на лице со јавна историја на дискриминаторски и навредливи изјави предизвика широка загриженост во јавноста. Мрежата објави јавно соопштение, барајќи од Владата да ја преиспита оваа одлука.[1]

Како реакција на оваа критика, г. Богојески, во својство на директор на државна институција, остави коментар под новинарски напис кој ја пренесуваше нашата реакција:

*„Не се грижете ве молам! Ќе ја провериме и „мрежата" дали и на кој начин користела ЕУ фондови! Постапката е во тек... Имајте трпение."* *(во прилог).*Оваа изјава е директен сигнал за институционализиран притисок врз граѓански организации кои јавно укажуваат на прашања од јавен интерес. Наместо транспарентност и аргументирана дебата, се испраќа порака на заплашување и одвраќање од критика.

Ваквиот однос од страна на функционери кои управуваат со институции од значење за граѓанскиот сектор создава **ефект на ладење** – воздржаност, автоцензура и несигурност кај граѓанските организации. Тие влијаат негативно врз целокупната клима за слободно здружување, јавно делување и партнерство помеѓу државата и граѓанскиот сектор.

Од друга страна, особено е загрижувачки минимизирањето на искажаните ставови на Богојески од страна на претставници на Владата, изјавувајќи дека „неговата работа

[1] Реакцијата, заедно со примери на ставовите на г-дин Богојевски, може да се најде на следниот веб линк: МРЕЖАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА БАРА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПЕТАР БОГОЈЕСКИ – Мрежа за заштита од дискриминација.

посебно ќе се следи, поради реакциите во јавноста, но засега не може ништо да се коментира". Од друга страна, Владата се прогласи за ненадлежна, потенцирајќи дека директорот се именува до Управниот одбор на Агенцијата, иако согласно закон, членовите на Управниот одбор се именуваат од Владата.

Ве молиме да ја евидентирате оваа ситуација како сериозен ризик за безбедноста и независноста на граѓанскиот сектор, и да ја вклучите во известувањето за состојбата со граѓанското општество во Северна Македонија.

Со почит,

Мрежа за заштита од дискриминација

------------------------------

Во име на МЗД – Славчо Димитров, Коалиција Маргини


Контакт лица:

Маја Атанасова (Македонското здружение на млади правници):
070 522 445 matanasova@myla.org.mk

Атанас Аврамов (Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ „Заедно посилни" – Скопје):
071 611 535 atanas@zp.mk

Наташа Петковска (Хелсиншки комитет за човекови права):
077 907 536 natasa natasha.petkovska@mhc.org.mk

МРЕЖА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

# Прилог:





Мрежа за заштита од дискриминација
www.mzd.mk
mrezazazastitaoddiskriminacija@gmail.com